# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА "ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ" ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2018 ГОДИНА

Во периодот од 01.01 до 31.12.2018 година ДС Смитх АД Скопје оствари негативен финансиски резултат од 37.340 илјади денари.

Во тековната година остварени се вкупни приходи од продажба 733.128 илјади денари, кој во однос на 2017 е намален за 2%. Намалувањето е 11% во приходи од продажба на странски пазар. Ова е по основ на намалени приходи од продажба на отпадна хартија, диктирани од светските берзанските услови кои не дозволуваа задржување на минатогодшното ниво на приходи. Со зголемувањето на продажба на амбалажни кутии и плочи, како и зацрстување на позицијата на домашнот пазар се надоместија намалените приходи од странски пазар.

Вкупните оперативни расходи изнесуваат 759.557 илјади денари, кои во однос на 2017 се зголемени за 7%. Зголемувањето на расходите во однос на намалените вкупни приходи е по повеќе основи:

- Зголемена цена на суровините и материјалите
- Зголемени дистрибутивни трошоци
- Во третиот квартал, за време на инвестиционото вложување, друтвото немаше производство на картон во траење од еден месец и за непречено исполнување на нарачките и барањата кон купувачите набавувавме полупроизводи
- Зголемени трошоци за вработените е по основ на дополнителните ангажирања во период на инвестицијата.

Во однос на претходната година ДС Смитх АД Скопје нема промена во сметководствените политики и методите на вреднување на ставките во финансиските извештаи.

Тековната 2018 Друштвото ја обележа со инвестициони вложувања во двата сектора, обнова на возен парк во сервис хартија, како и инсталација на нова машина за производство на картон во секторот на амбалажа.

Со инвестициите во секторот сервис хартија се зголемува капацитетот за набака на суровини, со што во иднина ќе има позитивно влијание на приходите од продажба и на финансискиот резултат.

Инвестицијата во секторот амбалажа изнесува 93.000 илјади денари. Со инвестицијата: се зголеми брзината, односно зголемено производство на